Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 02-1391/1
20.03 2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 5 од Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров", бр. 6/2023 и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров", бр. 5/2025), како и во врска со глава IV од Програмата за активностите од областа на спортот, рекреацијата и поддршка на невладиниот сектор на Општина Ѓорче Петров за 2026 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров", број 18/25), градоначалникот на Општива Ѓорче Петров објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС

**бр. од 2026 година**

## 1. Предмет на Јавниот оглас

Општината Ѓорче Петров доделува финансиски средства предвидени со Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите од областа на спортот, рекреацијата и поддршка на невладиниот сектор на Општина Ѓорче Петров за 2026 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров", број 18/25), во натамошниот текст – Програма, за: поттикнување, унапредување и популаризирање на спортот на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

## 2. Право на учество на Јавниот оглас

Право на учество на Јавниот оглас имаат физички и правни лица, односно спортисти, спортски клубови, спортски здруженија и други правни лица коишто имаат спортски активности и/или се организатори на спортски манифестации и настани на подрачјето на Општината, а коишто се предвидени како активности со Програмата.

На Јавниот оглас може да учествуват и спортски здруженија и организатори на активности чиешто регистрирано седиште не се наоѓа на подрачјето на Општина Ѓорче Петров, но реализацијата на активностите е на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

## 3. Цели, критериуми и потребни документи за уредна пријава за секоја активност посебно

### 3.1. Цели

Целите за реализирање на активности од областа на спортот се:

-Афирмирање на Општината Ѓорче Петров како развиен спортски центар со европски карактеристики што соодветствуваат на нејзиниот статус на спортска средина со долготрајна историска традиција;

-Зголемување на опфатот на млади граѓани со спорт и спортско рекреативни активности преку развој на училишниот спорт, подеднакво за момчиња и девојчиња,

обезбедувајќи организациска поставеност, училишен-општински систем на натпревари и поддршка на спортските активности на ученичките и учениците од основните училишта кои гравитираат на територијата на Општина Ѓорче Петров;

-Развој и поддршка на програмите за спорт и рекреација на лицата со попреченост на подрачјето на Општина Ѓорче Петров;

-Остварување и унапредување на меѓународната соработка во областа на спортот.

## 3.2. Критериуми

**Основни критериуми** за финансиска поддршка на спортисти, спортски клубови, спортски здруженија и други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Ѓорче Петров се:

-Поттикнување и унапредување на соодветниот спорт;

-Популаризирање на масовниот спорт и опфатот на што повеќе млади лица во населените места;

-Реализирање програми за развој на спортот;

-Организирање и спроведување на систем на натпревари во одредени спортови и категории;

-Поддржување на традиционални спортски натпревари и манифестации од општински, национален и меѓународен карактер;

-Организирање и спроведување на училишен и студентски систем на натпревари;

-Организирање и спроведување на систем на манифестации и форми на натпревари за лица со посебни потреби;

-Организирање и спроведување на систем на масовни спортско-рекреативни активности во Општина Ѓорче Петров;

-Водење грижа за унапредување на стручната работа и усовршување на стручните кадри во спортот;

-Постигнување и поттикнување на спортистите на врвни резултати;

-Водење грижа за унапредување на младите категории;

-Учество во национални спортски федерации, или настапуваат на натпревари од национален и меѓународен карактер;

-Учество во натпревари од највисок ранг на домашни спортски првенства;

-Реализирање на активности и програми на подрачјето на Општина Ѓорче Петров;

-Поддршка на оддржување на општински сојузи и сојузи на спортови на Општина Ѓорче Петров; и

-Да не се врши политичко и верско организирање и дејствување.

### 3.2.3. За спортски манифестации:

„Ге-Ге Стрит баскет" - Кошаркарски турнир: 60.000 ден.;
„Миро 3х3" - Кошаркарски турнир: 60.000 ден.;
„Ѓорче Петров Опен" - Карате митинг: 100.000 ден.;
„Ѓорче Петров Опен" - Таеквондо митинг: 100.000 ден.;
„Ѓорче Куп" - Ракометен турнир: 120.000 ден.

Заеднички критериуми за финансиска подршка на спортски манифестации што се одржуваат на подрачјето на Општината Ѓорче Петров се:

-Значење на манифестацијата за Општината Ѓорче Петров;
-Искуство во организацијата;
-Број на учесници;
-Понудени квалитетни и иновативни решенија за реализација на манифестацијата.

### 3.2.4. Вклучување на лица со посебни потреби во спортот

„Вклучување на лица со посебни потреби во спортот": 500.000 ден.

Заеднички критериуми за финансиска подршка за вклучување на лица со посебни потреби во спортот што се одржуваат на подрачјето на Општината Ѓорче Петров се:

-Значење на манифестацијата за Општината Ѓорче Петров
-Искуство во организација на настани од ваков карактер
-Сертификати на апликантот
-Број на учесници и возрасна категорија која би била опфатена

## 3.3. Документи за уредна пријава за секоја активност посебно

### 3.3.1. Спортски манифестации:

- Пополнета пријава (ПРИЛОГ 3);

• **Организациски услови**

-Манифестацијата мора да биде организирана од регистрирано спортско здружение/федерација или институција со спортска дејност;
-Да има назначен организациски одбор и одговорно лице;
-Да се достави детален план и програма за одржување на настанот.

• **Безбедносни услови**

-Обезбедено присуство на медицинска екипа (итна помош или медицинско лице) ;
-Ангажирање на обезбедување/редарска служба;
-Осигурување на учесници и публика (доколку е применливо.

• **Инфраструктурни и технички услови**

-Користење на соодветен спортски објект кој ги исполнува стандардите за конкретниот спорт;
-Обезбедена потребна спортска опрема согласно правилата на спортската федерација;

-Соодветни услови за публика (трибини, санитарни простории, пристапност).

• **Финансиски критериуми**

-Обезбеден финансиски план/буџет

-Транспарентно користење на средствата.

**3.3.2. Вклучување на лица со посебни потреби во спортот**

- Пополнета пријава (ПРИЛОГ 4)

• **Индивидуална проценка на способностите, план за извршување на настанот или часот.**

-Доказ за регистрирана дејност за работа со лица со посебни потреби;

-Прилагодување на активностите според индивидуалните потреби;

-Прилагодена спортска опрема и правила;

-Користење специјална или модифицирана опрема, приказ, текст за поседување на соодветна опрема.

• **Стручна поддршка**

-Обучени тренери за инклузивен спорт-сертификати, дипломи;

-Соработка со физиотерапевти, дефектолози, психолози, прилог, меморандуми за соработка.

НАПОМЕНА: Нема да бидат разгледани пријавите: доставени по истекот на рокот на огласот, пополнети на несоодветен образец, нецелосно пополнети и некомплетни пријави без приложените документи кои задолжително се бараат.

Пријавите се објавени на веб-страницата на Општина Ѓорче Петров: www.opstinagpetrov.gov.mk

## 4. Рок за аплицирање и начин на аплицирање

Пријавувањето се врши со доставување на пополнета пријава (апликација) која може да се преземе од веб страницата на општината www.opstinagpetrov.gov.

Јавниот оглас се објавува на 20.08.2026 година и трае 15 дена сметано од денот на објавувањето, односно трае заклучно со 04.09.2026 година.

Комисијата за спроведување на постапка за објавување на Јавен оглас за доделување на финансиски средства предвидени со Програмата за спорт за 2026 година, формирана со Решение бр. 02-530/1 од 17.03.2026 година утврдува предлог за распределба на средствата врз основа на критериуми изразени во бодови.

За распределбата на финансиската помош, одлучува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров по предлогот од Комисијата.

Пријавите, треба да се достават:

- во писмена форма преку пошта на адреса: ул „Ѓорче Петров", бр. 22 - 1000 Скопје, или преку архивата на Општина Ѓорче Петров, најдоцна до 15:00 часот на 04.09.2026 година.

**Пријавите се доставуваат во затворен и запечатен коверт, без означување на име и презиме на апликантот – физичко лице, без назив на апликантот - правно лице и без други ознаки со кои ковертот може да биде означен и препознатлив.**

НАПОМЕНА: Пријавите со непотполни податоци и нецелосна документација, пријави пополнети на несоодветен образец, како и оние што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да бидат разгледувани.

За изборот на апликантите кои добиле финансиска поддршка за реализација на активностите за коишто се однесува овој Јавен оглас, ќе биде објавено известување на официјалната веб страна на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.

Дополнителни информации може да се добијат на телефон 070 397 381, или на е-адреса: i.isakoski@opstinagpetrov.gov.mk.

## 5. Извештај за добиените средства

Апликантите кои ќе бидат корисници на финансиските средства доделени врз основа на овој Јавен оглас, по реализација на активностите, се должни најдоцна до 01.12.2026 година да го достават финансискиот извештај за реализација на активностите, даден во ПРИЛОГ 5 на овој Јавен оглас.

**Градоначалник**
**на Општина Ѓорче Петров,**
**Александар Стојкоски**

Република Северна Македонија
Скопје
Општина Ѓорче Петров